ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02-4/2-2
Прилеп 21.02.2024 год.

Врз основа на член 93 став 2 алинеа 23 и член 80 од Статутот на Тутунски комбинат АД Прилеп Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп на ден 21.02.2024г., по Записник бр.02 ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

За зголемување на откупна цена на тутун I класа "ароматичен" тутун за дополнителни 35 денари по килограм предаден ароматичен тутун I класа од реколта 2023година

член 1

Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп го одобрува Барањето за донесување на одлука за зголемување на откупна цена за I класа на тутун, поради израмнување со откупни цени од конкуренцијата на пазарот за ароматичен тутун од реколта 2023г. бр. 13-181/1 од 08.02.2024г. доставено од Раководоството на Погон Тутун, односно одобрува дополнително да се зголеми откупната цена по килограм "Ароматичен" тутун во класа I за реколта 2023г., за 35,00 денари.

Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп исто така одобрува да се изврши ретроактивна доплата од 35,00денари за кг. предаден I класа "Ароматичен" тутун од реколта 2023г., на тутунопроизводителите кои имаат склучено Договори за производство и откуп на тутун од реколта 2023г. со Тутунски комбинат АД Прилеп и кои имаат предадено тутун во Тутунски комбинат АД Прилеп за реколта 2023г., со одобрување на склучување на Анекс бр.2 кон Договорот за производство и откуп на тутун за реколта 2023г.

Останатите одредби од Договорот за производство и откуп на тутун за реколта 2023г. и Анекс бр.1 кон овој договор остануваат непроменети.

Барањето бр.13-181/1 од 08.02.2024г е составен дел на оваа одлука.

Член 2

Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп го утврдува и текстот на Анекс бр.2 кон Договорот за производство и откуп на тутун за реколта 2023г. и одобрува истиот да се склучи со тутунопроизводители со кои Тутунски комбинат АД Прилеп претходно има склучено Договори за производство и откуп на тутун за реколта 2023г.

Составен дел на оваа одлука е Анексот бр.2 кон Договорот за производство и откуп на тутун за реколта 2023г.

Член3

Склучувањето на Анекс бр.2 кон Договорот за производство и откуп на тутун за реколта 2023г. и ретроактивната доплата од 35,00 денари за кг. предаден I класа "Ароматичен" тутун од реколта 2023г. на тутунопроизводителите кои имаат склучено Договори за производство и откуп на тутун од реколта 2023г. со Тутунски комбинат АД Прилеп и кои имаат предадено тутун во Тутунски комбинат АД Прилеп за реколта 2023г. ќе се изврши по донесување на Одлука за верификација – одобрување на оваа Одлука од Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп .

Член 4

За спроведување на оваа одлука ќе се грижи Генералниот извршен директор, Директорот на Погон Тутун, Сектор за финансии и Раководителот на РЕ Агрономија .

Член 5

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува од денот на донесување на Одлуката за верификација – одобрување на оваа Одлука донесена на Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп.

Д-но:
Генерал извршен директор
Претседател на Одбор на директори
Директор на Погон Тутун
Раководител на РЕ Агрономија
Сектор за финансии
Правен референт -супервизор
Архива

Претседател на Одбор на директори
на Тутунски комбинат АД Прилеп
Сретен Богоевски

„Тутунски комбинат" АД-Прилеп со П.О.
Прилеп
7

---------------------